## Pimp my ride!

## „ОПА“ го прави фестивалот „трансевропа“ трансевропски

(Превод од германски на македонски: Елизабета Линднер)

ХИЛДЕСХАЈМ: На крајот со монтажа во филмот е внесен и Владо Бучковски, премиер на Македонија. Неговиот официјален говор на телевизија од декември 2005 година, кога земјата со прилично голем огномет се слави себеси како нова земја - кандидат за пристапување кон Европската унија. Бучковски, како што вели самиот, се радува што наскоро сонцето на Македонија ќе стане ѕвезда на небото во Европа.

Додека да дојде до тоа, сепак треба да се измине прилично долг пат. Уметничката група „ОПА“ (кратенка за „obsessive possessive aggression“) веќе со години го изминува тој пат: Слободанка Стевческа и Денис Сарагиновски со еден 39 години стар спачек фаќаат кривини од Марсеј до Рига, од Париз до Талин и меѓусебно се снимаат.

Својот проект едноставно го нарекуваат „Project which is not a project“, а преку дадаистичката игривост што ја нуди оваа возвишена бесмислица на нивното мото, тие пред сѐ докажуваат колку малку значење ѝ оддаваат на езотеријата на извештачените преувеличувања.

**Видео-дневници како патопис филм**

Актуелната рута овој пат ги води од Скопје преку Белград, Загреб, Грац и Минхен директно до Хилдесхајм, каде своите видео-дневници од 2003 до денес ги монтираат во еден 45-минутен патопис филм, што уште сега важи за едно од врвните збиднувања на овогодишниот фестивал „трансевропа“: се доставуваат барања за пасоши и визи, се претрпуваат дефекти, се воспоставуваат средби, се пресретнуваат, се набљудуваат и се оставаат зад себе пејзажи и луѓе, улици и села. Се работи за банални погледи кои со некоја загадочна ѓаволштина се претвораат во една речиси весела медитација и се протегаат до заедницата од држави која им се разотвора. „Pimp my ride“ во една сосема приземна варијанта: во една македонска работилница антикварниот 2ЦВ се демонтира. Од еден подрум полн со старудии се вадат 16 коњски сили кои се речиси за на отпад и му се вградуваат, а сето тоа се лакира, се крпи и оскудно се претвора во претставителен примерок.

Сепак, најголемиот предизвик ги очекува на крајот од патувањето. На љубезниот човек од техничкиот преглед за возила во Хилдесхајм не му се верува: „Ова навистина не оди вака!“ И несакајќи му се испушта: „Па не сме во Македонија!“

**Светот на гости кај пријатели**

Но тогаш светот е сепак на гости кај пријатели и европската идеја ги затоплува срцата, а возилото што е зрело за на отпад го поминува прегледот. Но, под итно мора да се обработат дефектите наведени во еден каталог. Човекот од технички како гест за добредојде им предава огромно книгиште со дебелина на телефонски именик.

Едно патување, една стара кола, надежта да се најде место на небото на Европа, каде не сите ѕвезди светат толку јасно како што се мисли. Односот меѓу самоувереното средиште и несигурната периферија: уметноста на „ОПА“ е политичка, а сепак во својата набљудувачка замисленост толку лесна, толку иронична и шеговита, што човек посакува да го напушти овој средноевропски комфор и веднаш да се качи во кола со нив. Посетителите на фестивалот го поздравуваат со аплауз и филмот и неговите автори. Можеби и затоа што „ОПА“ сепак го претвора фестивалот „трансевропа“ токму во она што тој и сака да биде: трансевропски.

Видеото на „ОПА“ може да се види и да се чуе (со англиски титл) уште на 2 јули во 23 часот во „фелс“.